РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 13.05.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 3389/1 | 8 | |

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-4464/3
13.05.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

До: Собранието на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернационал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 13 мај 2026 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии и проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Сања Манасијевиќ-Манчева, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Претседател на комисија и заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

**Љупчо Димовски**

Digitally signed by Ljupcho Dimovski
Date: 2026.05.13 17:23:32 +02:00

Подготвил: Марија Арсова, 13.05.2026
Проверил: Никола Пасков, 13.05.2026
Контролирал: Зоран Брњарчевски, 13.05.2026
Согласен: Зоран Брњарчевски, 13.05.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.05.13 17:11:24 +02:00

| | |
|---|---|
| **Институција** | Влада на Република Северна Македонија |
| **Датум/Време** | 13.05.2026 16:52 |
| **Верификација** | Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=1f21e5a3-85df-4062-aa26-ba5313b25ca9&materialId=6081ffa4-2530-4718-a9a9-07d8a0fd1faa |

ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Северна Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии и

проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии

ПОВЕРЕНИЦИ: Андриана Матлиоска, државен секретар во Министерството за финансии

Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и

Сања Манасијевиќ-Манчева, раководител на сектор во Министерството за финансии

Предлог на закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка

Скопје, мај 2026 година

ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Со Заклучок од 149-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 10.2.2026 година, Владата го задолжи Министерството за финансии во рок од 10 дена да ја отпочне постапката за избор на странски комерцијални банки и да ангажира правни советници со цел спроведување на постапката за задолжување на Република Северна Македонија со склучување на договор за заем со странски комерцијални банки во износ до 18,45 милијарди денари (300 милиони евра), кој ќе биде наменет за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка буџетска подршка.

Постапувајќи по горенаведениот заклучок, Министерството за финансии на 13.02.2026 година подготви и достави барање до 14 меѓународни банки со релевантно искуство во суверени трансакции и синдицирани заеми.

Во зададениот рок на 18 ти февруари, пристигнаа вкупно 8 понуди од инвестициски банки. По спроведената детална еваулација во согласност со критериумите утврдени во доставените барања за понуди се утврди дека понудата на Мерил Линцх Интернационал е најповолна. Понудените финансиски услови, пристапот кон реализација и целокупниот финасиски пакет беа оценети како најповолна комбинација во однос на цената, структурата и сигурноста на реализација за Република Северна Македонија.

Меррил Линцх Интернационал достави нацрт текст на Договорот за заем на износ од 260 милион евра помеѓу Република Северна Македонија ( застапувана од Министерот за финансии во име на Владата на Република Северна Македонија ) во својство на Заемопримач, Мерил Линнцх Интернационал во својство на аранжер и финансиските институции КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) во својство на првични заемодавачи и Глобал Лоан Агенси Сервисес Лимитед во својство на Агент и преговорите по однос на истиот се завршени на 13.05.2026 година. Усогласениот текст на договорот за заем е даден во прилог на овој Предлог на Закон.

Предуслов за склучување на горенаведениот Договор за заем, е усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и негово објавување во Службен весник на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19 и 151/21 и 12/25), во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco

Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на обезбедувањето на овој заем е повеќекратна и е насочена кон обезбедување стабилно финансирање на буџетот, одржување на фискална стабилност и подобрување на управувањето со јавниот долг.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој предлог на закон е обезбедување на средства за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, под поволни услови, согласно одредбите од Договорот за заем и важечките закони.

Оттука, Република Северна Македонија претставувана од Министерството за финансии, Меррилл Линч Интернационал во својство на организатор и финансиските институции КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) во својство на првични заемодавачи и Глобал Лоан Агенси Сервисес Лимитед во својство на Агент, ќе склучат Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Вкупниот износ на заемот кој ќе го доделат финансиските институции КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) изнесува 260 милиони евра.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Заемот ќе се повлече во една транша, согласно со роковите и условите утврдени во Договорот за заем.
- Рокот за отплата на заемот е 7 години, на 9 еднакви полугодишни рати, со вклучен грејс период од три години.
- Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина која изнесува 2,10%.
- Република Северна Македонија ќе плати на Заемодавачите еднократна провизија во износ од 1,4% од износот на заемот.
- Република Северна Македонија ќе плаќа на Агентот на Заемодавачите провизија во висина од 12.500 евра на годишно ниво.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на овој закон се образложени во Дел 3 на овој Предлог на закон и во Образецот за проценка на фискалните импликации даден во прилог на овој материјал.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International)

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, да се донесе по скратена постапка.

Предлог на Закон
за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) (во понатамошниот текст:  Заемодавачи) со заем во износ од 260.000.000 евра.

За целите на ова задолжување, Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) е во својство на Аранжер (Arranger), додека Глобал Лоан Агенси Сервисес Лимитед (Global Loan Agency Services Limited) е во својство на Агент (Agent), во согласност со правата, овластувањата, должностите и обврските утврдени во Договорот за заем, дефиниран во член 2 од овој закон.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија,  Заемодавачите, Аранжерот и Агентот, со можност за пренос од Заемодавачите на други квалификувани субјекти кои ги исполнуваат условите за Заемодавачи согласно Договорот за заем.

Условите и начинот на плаќање на еднократиот надоместок од член 3 став 4 од овој закон се утврдуваат со Писмо за еднократен надоместок, кое ќе се потпише од Република Северна Македонија, Агентот и Аранжерот.

Условите и начинот на плаќање на надоместокот за Агентот од член 3 став 5 од овој закон се утврдува со Писмо за агенциски надоместок, кое ќе се потпише од  Република Северна Македонија и Агентот.

Условите и начинот на преносот на дел од заемот од Заемодавачите согласно став 1 на овој член се утврдени во Договорот за заем.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член, Писмото за еднократен надоместок од ставот 2 на овој член и Писмото за агенциски надоместок од ставот 3 на овој член ќе ги потпише министерот за финансии.

Член 3

Заемот од членот 1 од овој закон ќе се повлече во една транша, согласно со роковите и условите утврдени во Договорот за заем.

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е седум години, на девет еднакви полугодишни рати, со вклучен грејс период од три години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од применлив шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина која изнесува 2,10%.

Република Северна Македонија ќе плати на Агентот за сметка на Аранжерот еднократен надоместок во износ од 1,4% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе плаќа на Агентот надоместок во износ од 12.500 евра на годишно ниво.

Член 4

Средствата од заемот од членот 1 од овој закон се наменети за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија и Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година.

Член 5

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе се врши со средства од Буџетот на Република Северна Македонија во рокови и услови утврдени во Договорот за заем.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Овој заем во износ од 260 милиони евра Република Северна Македонија ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Заемот ќе биде доделен на Република Северна Македонија под следните услови:

- Заемот ќе се повлече во една транша, согласно со роковите и условите утврдени во Договорот за заем.
- Рокот за отплата на заемот е 7 години, на 9 еднакви полугодишни рати, со вклучен грејс период од три години.
- Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина која изнесува 2,10%.
- Република Северна Македонија ќе плати на Заемодавачите еднократна провизија во износ од 1,4% од износот на заемот.
- Република Северна Македонија ќе плаќа на Агентот на Заемодавачите провизија во висина од 12.500 евра на годишно ниво.

Предуслов за склучување на горенаведениот договор за заем со КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) е усвојување на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија.

Согласно Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 151/21 и 12/25) во име на Република Северна Македонија, договор за заем склучува Владата на Република Северна Македонија, кој министерот за финансии го потпишува во името на Владата на Република Северна Македонија, по претходно донесен закон за задолжување.

Имајќи го предвид наведеното, Владата на Република Северна Македонија изготви Предлог Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна по скратена постапка, кој го доставува до Собранието на Република Северна Македонија за усвојување.

Поради итноста на потребата за склучување на Договорот за заем, овој закон треба да влезе во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По усвојување на Законот за задолжување од страна на Собранието на Република Северна Македонија и неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“ ќе се пристапи кон склучување на Договор за заем меѓу Република Северна Македонија, претставувана од Министерството за финансии и КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International).

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Договорот за заем.

## III. ПРИДОБИВКИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Средствата од заемот ќе се користат за буџетско финансирање и финансирање на општи цели согласно одредбите од Договорот за заем и важечките закони.

Влада на Република Северна Македонија

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| 1. **Назив на предлогот:** | 2. **Министерство / орган на државна управа:** |
|---|---|
| Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернационал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка. | Министерство за финансии |
| 3. **Цел на предлогот:** | 4. **Вид на предлог:** |
| Обезбедување на средства за буџетска подршка општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија. | Предлог на Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Гроуп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернационал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија, по скратена постапка. |
| 5. **Контакт лице и звање:** | 6. **Контакт тел./факс или е-пошта:** |
| Сузана Пенева, државен советник<br><br>Сања Манасијевиќ-Манчева, раководител на сектор | Тел. 3255-373<br>suzana.stoimceva@finance.gov.mk<br>Тел.3255-430<br>sanja.manasijevic-manceva@finance.gov.mk |

| 7. **Активност:** | | |
|---|---|---|
| | | |
| 8. **Вид на барање:** | | |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / | ( ) Нова програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми |
| ( ) Друга нова регулатива / | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Спојување на две или повеќе програми / |
| 9. **Цел на барањето / предложената активност:** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. **Врска со владината програма:** | | | | |
| 11. **Фискални импликации:** | **(илјади денари)** | | | |
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврта год.** |
| A.Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 223.861<br>0<br>0<br>0<br>0 | 731.064<br>0<br>0<br>0<br>0 | 731.064<br>0<br>0<br>0<br>0 | 731.064<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| B.Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 | 0<br>0<br>0<br>0<br>0 |
| F. Зголемување / намалување на приходите / | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Извор: Заем од КФВ ИПЕХ, ББВА, Ерсте груп, АКА Друштво за извозно кредитирање, ВакифБанк, НБГ Групација | 15.990.000 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: | | | | |

| | |
|---|---|
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г) | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение | КфВ ИПЕКС-Банк ГмбХ (KfW IPEX-Bank GmbH), Банко Билбао Визкаја Аргентариа, С.А. (Banco Bilbao Vizcaya Argentaria, S.A.), Ерсте Груп Банк АГ (Erste Group Bank AG), АКА Аусфухкредит-Гезелшафт мбХ (AKA Ausfuhrkredit-Gesellschaft mbH) и Мерил Линцх Интернатионал (Merrill Lynch International) по Договор за заем за општи буџетски потреби, вклучително и за финансирање на капитални расходи и рефинансирање на обврски утврдени во Буџетот на Република Северна Македонија ќе одобрат заем во износ од 260.000.000 евра кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани со Договорот за заем. |
| 14. Дата на завршување на проценката | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог | |
| 21. Одобрено / Дата / | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ______________________ Потпис на Државен Секретар д-р Андријана Матлиоска | ___/___/___ Ден / месец / год. | ______________________ Потпис на Министерот м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | ___/___/___ Ден/ месец/год. |

Изработил: м-р Леа Матевска / м-р Благоја Новески
Контролирал: м-р Загорка Јовановска
Проверил: м-р Рената Давиткова -Панчева
Одобрил: м-р Сања Манасијевиќ - Манчева
Согласен: Сузана Пенева

Проверил: Марија Бишкоска
Душица Илиевска
Андреј Ангеловски
Јасмина Вукиќевиќ